Предлог

Врз основа на член 32 став 2 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија” бр.5/02 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 202/24), член 17-а став 4 и 26 -а од Законот за јавните претпријатија ( „Службен весник на Република Македонија“ бр. 38/96, 9/97, 6/02, 40/03, 49/06, 22/07, 83/09, 97/10, 6/12, 119/13, 41/14, 138/14, 25/15, 61/15, 39/16, 64/18 и 35/19 и Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 275/19, 89/22, 274/22 и 208/24), член 22 став 2 и 3 од Статутот на Општина Велес („Службен гласник на Општина Велес“ бр.12/06, 03/09, 18/10, 15/14,15/18, 06/19 и 08/21) и член 108 и 109 од Деловникот на Советот на Општина Велес бр. 12/07, 3/09, 18/10 и 1/21) на предлог на Градоначалникот

Советот на Општина Велес на 64-та седница одржана на ден _.05.2025 година, донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**
**за именување на член во**
**Комисијата за селекција за избор на членови**
**во надзорен одбор за контрола на материјално-финансиското**
**работење на ЈКП „Дервен“ Велес**

1. За член во Комисијата за селекција за избор на членови во надзорниот одбор за контрола на материјално-финансиското работење на ЈКП „Дервен“ Велес, се именува:

   -___________________, вработен/а во Одделението за управување со човечки ресурси на Општина Велес.

2. Ова Решение влегува во сила осмиот ден од денот на објавување во „Службен гласник на Општина Велес“.

Претседател
на Советот на Општина Велес
Даниел Јаневски с.р.

Образложение

Советот на Општина Велес на 60-та седница одржана на ден 29.01.2025 година донесе Решение за именување на член во Комисијата за селекција за избор на членови во надзорниот одбор за контрола на материјално-финансиското работење на ЈКП Дервен Велес со бр. 25-841/28 од 29.01.2025 година, со кое се именува Сања Самаракова, член, вработена во Одделение за управување со човечки ресурси во Општина Велес.

Согласно член 17-а став 4 од Законот за јавните претпријатија ( „Службен весник на Република Македонија“ бр. 38/96, 9/97, 6/02, 40/03, 49/06, 22/07, 83/09, 97/10, 6/12, 119/13, 41/14, 138/14, 25/15, 61/15, 39/16, 64/18 и 35/19 и Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 275/19, 89/22, 274/22 и 208/24): „За избор на членови во управниот одбор на јавното претпријатие основано од општината и градот Скопје, на предлог на градоначалникот на општината односно градоначалникот на градот Скопје, Советот на општината, односно Советот на градот Скопје, формира Комисија за селекција составена од: претседател и негов заменик, од редот на вработените во општината, односно во градот Скопје, еден член и негов заменик, вработени во организационата единица за управување со човечки ресурси во општината, односно во градот Скопје, од која е основано јавното претпријатие и еден член и негов заменик, вработени во јавното претпријатие за кое е објавен повик за за пројавување интерес за пријавување на кандидатите и член 26-а: „Во постапката за именување и разрешување на членови на надзорниот одбор во јавното претпријатие се применуваат одредбите на членовите 17-а, 17-б, 17-в, 17-г, 17-д и 17-ѓ од овој закон кои се однесуваат на постапката за именување и разрешување на членови на управен одбор“.

Од причина што Сања Самаракова е распоредена во друга организациона единица на Општина Велес, се предлага ова решение до Советот.